**20250861880**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 април 2025 година.

Бр. 08-2345/1
22 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Siљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 29/2003, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 40/2009, 48/2009, 81/2009, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 180/19 и 103/21), во член 7 во ставот (2) и во член 47 став (1) во точката г) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика" се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади".

Член 2

Во член 51 став (3) по точката д) се додава нова точка ѓ), која гласи:

„ѓ) ги исполнува условите за остварување на право на пензија, согласно со закон;

Точките ѓ) и е) стануваат точки е) и ж).

Член 3

Во член 52-а во ставот (6) зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".

Член 4

Во член 55 став (3) во точката а), член 57, член 70,  член 73 во ставовите (1) и (2) и во член 98 став (1) во точката в) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика" се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади".

Член 5

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".